РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-861/1
23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ------------ ----------- од -------- , Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02. 2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2076 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-2076/1 од 28.03.2019 година, доставена од подносителот ----------- ----------- од --------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2076 од 2019 година.

Предметот со број 12-2076 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2076 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2076/1 од 28.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ----------- ----- ------ од -------- .

Во пријавата изнесени се наводи за нерегуларен избор на обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје, избрани во периодот од 2008 до 2011 година.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за информации и податоци во врска со предметниот случај. По барањето на Државната комисија доставено е известување со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

-Предметните наводи се однесуваат на сомневање за нерегуларен избор на обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје, избрани во периодот од 2008 до 2011 година. Конкретно наводите се однесуваат за избор на обвинителот -------- ---------- ----------- во ОЈО Скопје во времето кога нејзиниот сопруг --------- ----------- бил пратеник во пратеничкиот состав на ВМРО - ДПМНЕ од 2008 до 2011 година. Во прилог на пријавата доставен е дел од стенограм од седница на Собранието на РМ одржана на

26.04.2012 година во кој подносителот смета дека имало индиции за нерегуларен избор на уште еден јавен обвинител. (------- ----------- )

Подносителот на пријавата како причина за неговата пријава наведува дека во април 2018 во ОЈО Скопје поднел кривична пријава против 39 правни и физички лица за бесправна градба, злоупотреба на службена положба и овластување, перење на пари и измама, со што предметот се доделил во работа кај горенаведениот обвинител од вкупно 170 обвинители на ниво на СРМ. Тој не е задоволен од постапувањето на наведениот обвинител, се сомнева во нејзиниот избор за обвинител и смета дека истиот бил нерегуларен а се сомнева и во начинот на распределувањето на предметите по пријавите кои стигнувале до ОЈО Скопје.

- На ден 05.07.2019 година, по барање на ДКСК добиено е известување од Советот на јавни обвинители со кое се известува дека во периодот од 2008 до 2011 година, во Основното јавно обвинителство Скопје, од страна на Советот на јавните обвинители, за целиот период, избрани биле вкупно 56-педесет и шест јавни обвинители. Во најголем број случаи се работело за избор и трансформирање на мандатите во мандати без ограничување на траење на мандатот. Во тој период, конкретно, на седница на Советот одржана на 12.11.2009 година, за јавен обвинител во ОЈО Скопје била избрана ------------ ------------ -------------------, која се уште ја обавувала истата функција.

На крајот од известувањето се наведува дека Согласно овластувањата и надлежностите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Советот немал овластувања да преиспитува одлуки на претходните состави на Советот, ниту пак одлуки на актуелниот состав на Советот. Советот можел единствено, во дисциплинска постапка, постапувајќи по жалба да се впушти во расправа за статусот на јавните обвинители, а одлучувајќи во поглед на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека не се потврдени предметните наводи за нерегуларен избор на обвинители, а воедно ДКСК нема надлежност за проверка на работењето на надлежното јавно обвинителство по однос на начинот на распределувањето на предметите и вршењето на функцијата на надлежните јавни обвинители, по што оцени дека ДКСК нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносител
По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : Г.Т.,член на ДКСК